Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-280/4
23-05-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-280/1 од 28.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted], против Општина [redacted] адреса на бул. [redacted], Скопје, за сторена дискриминација врз основа на место на живеење во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.5.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на место на живеење во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина Аеродром кон жителите на населбите во рамки на Општина Аеродром кои немаат зонско паркирање- (Населба) Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

## Образложение

На 28.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Општина Аеродром за сторена дискриминација врз основа на место на живеење во областа на пристап до добра и услуги.

Во претставката се наведува дека од страна на Општина Аеродром континуирано и со години се врши дискриминација врз жителите на Општината кои живеат на територијата на Општината на која нема зонско паркирање, а во однос на останатите жители од Општината, кои за разлика од првите, можат бесплатно да паркираат до две патнички возила во нивна сопственост на било кое место на територијата на општината. Притоа, и оние на кои им е овозможено тоа право, и оние на кои им е ускратено, се рамноправни жители на истата општина и плаќаат данок и други давачки на истата општина, меѓутоа не ги уживаат истите права. Жителите на Општина Аеродром кои според лична карта живеат во населба Лисиче, населба Ново Лисиче итн. (а некои од нив и работат на територијата на општината) немаат можност, ниту право, бесплатно да ги паркираат своите возила на обележаните места- паркинзите на територијата на општината на кои има воведено зонско паркирање. За разлика од нив, жителите на Општина Аеродром кои живеат на територијата на општината на која има зонско паркирање, имаат право бесплатно да паркираат на целата територија на општината. Последно, наведува дека ваквата состојба трае со години, иако повеќе пати од страна на жителите било реагирано до надлежните од Општината.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 1.3.2024 година испрати Известување бр. 08-280/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Аеродром.

На ден 25.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Општина Аеродром како одговор на претставката, заведено под бр. 280/3.

Во одговорот од Општина Аеродром известуваат дека во соработка со ЈП Паркинзи- Скопје, кои се надлежни за воведување на зонско паркирање, постепено се воведува зонско паркирање на целата територија на Општина Аеродром.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Дел од територијата на Општина Аеродром, почнувајќи од Железничката станица па сè до населбите Лисиче и Ново Лисиче, е покриен со зонско паркирање. Останатите делови од општината, поточно населбите Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче, немаат зонско паркирање и на тој дел паркирањето е бесплатно. Притоа, оние жители на територијата на која има зонско паркирање имаат право на станарска дозвола за прво и второ возило, односно можат бесплатно да паркираат до две возила регистрирани на нивно име на територијата на Општина Аеродром кадешто има зонско паркирање. Спротивно на ова, жителите на претходно споменатите населби го немаат истото право и при паркирање на своите возила во делот со зонско паркирање, тие плаќаат редовна цена по час за услугата. И двете категории на граѓани се изедначени во поглед на своите обврски кон Општината.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација,** кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во овој контекст, Општина Аеродром со воведувањето на зонско паркирање на некои делови од територијата на општината, пропуштила да ги изедначи жителите на останатите делови со оние кои живеат на територија на општината покриена со зонско паркирање, а во поглед на нивното право на станарска дозвола за прво и второ возило. Ваквиот нееднаков третман на жителите во рамки на иста општина, кои во поглед на нивните обврски кон Општината се изедначени, е базиран единствено на нивното место на живеење и истиот не е оправдан и објективен.
Во оваа смисла и Општина Аеродром во своето произнесување пропушти да образложи од кои причини истото било сторено и дали имало легитимна цел за таквото разликување, со што не ги поби наводите од претставката.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека станува збор за сторена директна дискриминација од страна на Општина Аеродром кон жителите на населбите во рамки на Општина Аеродром кои немаат зонско паркирање- (Населба) Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Аеродром да им овозможи на жителите на населбите во рамки на Општина Аеродром кои немаат зонско паркирање- (Населба) Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче пристап до паркинзите на територијата на целата општина на еднаква

основа со жителите кои живеат на територијата на општината каде има зонско паркирање, без оглед на нивното место на живеење, сè до целосно воведување на зонско паркирање на целата територија на Општина Аеродром.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака во рок од 2 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
23.5.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
-
- Општина Аеродром, бул. Јане Сандански бр. 109Б, 1000 Скопје